ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Петре Митоски од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ЖИ-ПЕ Весна и други ДОО увоз-извоз Струга со седиште во Струга, вон рочиште, на ден 18.09.2017 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Према стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ЖИ-ПЕ Весна и други ДОО увоз-извоз Струга со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 5532671, даночен број 4026001119765, со трансакциска сметка број 200000000584708 при Стопанска банка АД Скопје, трансакциска сметка број 240230001713377 при Универзална Инвестициона банка АД Скопје, трансакциска сметка број 250024000020150 при Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, трансакциска сметка број 270055326710119 при Халк Банка АД Скопје, трансакциска сметка број 300160000003520 при Комерцијална банка АД Скопје и трансакциска сметка број 380805144000183 при Про Кредит Банка АД Скопје - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Стојче Чавкоски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 03.10.2017 година во 09:45 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

## Образложение

Предлагачот Петре Митоски од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ЖИ-ПЕ Весна и други ДОО увоз-извоз Струга со седиште во Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:
- привремениот стечаен управник
- ВЕБ страната на судот
- Централен регистар
- предлагачот
- должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка